Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-105/2
25-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 557/1 од 31.10.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, преку Адвокат [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-557/1 од 31.10.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, преку Адвокат [redacted] од Скопје **поради неуредност**.

### О б р а з л о ж е н и е

На 31.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на [redacted], [redacted] Скопје, преку Адвокат [redacted] од Скопје за заштита од дискриминација против лицето [redacted] советник во општина Струга.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 07.11.2022 година, согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителот достави барање бр. 08-557/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе целосни податоци, односно адреса на живеење на лицето против кое се поднесува претставката.

Подносителот со Поднесок бр. 557/3 на 09.11.2022 година ја извести Комисијата дека адресата наведена во претставката е адресата на општина Струга каде лицето [redacted] е советник во Советот на општина Струга и дека доставата на претставката за да се изјасни именуваното лице, треба да биде извршена на таа адреса.

Комисијата по одржана седница и разгледување на поднесокот, одлучи да продолжи со процесните дејствија земајќи ја во предвид наведената адреса во поднесокот, па следствено на 15.12.2022 година преку пошта направи не успешен обид за достава на Барање бр. 08-557/4 до [redacted] на адресата на општина Струга за изјаснување

по наодите во претставката, со повратна информација од пошта дека лицето е непознато, односно адресата е непозната.

На 21.12.2022 година во втор обид е доставено наведеното барање на адреса на општината, по што на 05.01.2023 година до Комисијата од страна на општина Струга е доставено Известување бр. 03-5083/2 од 29.12.2022 година со кое се известува Комисијата дека барањето за изјаснување бр. 08-557/4 наменето за [redacted] треба да се испрати лично на истото, од причини што лицето не е вработено во општината, туку е советник во Советот на општина Струга и е од [redacted]

По така добиената информација од општина Струга, Комисијата на 18.01.2023 година испрати Барање за доуредување бр. 08-105/1 до полномошникот на подносителот Адвокат [redacted] од Скопје, со кое барање истиот е задолжен да ја доуреди претставката во рок од 8 дена, со тоа што ќе се наведе целосна лична адреса на лицето против кое е поднесена претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во предвидениот рок.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk